Република Северна Македонија
ОСНОВЕН СУД РЕСЕН
Су.бр.04-256/21
20.04.2022 год.
Р е с е н

В.Д. Претседателот на Основен суд Ресен, Емељ Кранли Али, врз основа на член 43 од Законот за судска служба (Сл. Весник на РМ бр.43/2014, 33/2015, 98/2018, 198/2018 и 248/2018), по спроведената постапка по објавениот Интерен оглас број 1/2021 на Основен суд Ресен за кариерно унапредување на судски службеник за работното место Виш судски соработник, категорија В, ниво В2 – 1 (еден) извршител, после извршената административна селекција и спроведеното интервју од страна на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеници како и Предлог одлуката на Комисијата, на ден 20.04.2022 год. ја донесе следната :

# О Д Л У К А

за избор на 1 извршител – кандидат за кариерно унапредување

За работното место со реден број 1 од Интерниот оглас 1/2021, Виш судски соработник, категорија В, ниво В2, се избира кандидатот:

1. **ДАНЧЕ ЈОВАНОВСКИ**

По конечноста на одлуката за избор, за избраниот кандидат ќе се донесе решение за унапредување на судски службеник.

## Образложение

Основниот суд Ресен по добиена согласност на Судски Буџетски Совет на РСМ бр. 08-923/6 од 23.12.2021 год., Известување од Министерството за финансии бр.18-10228/2 од 21.12.2021 год. и Известување од Министерството за финансии бр.18-1509/2 од 28.02.2022 год., објави интерен оглас бр.1/2021 за кариерно унапредување на судски службеник за работно место со звање Виш судски соработник, категорија В, ниво В2 – 1 (еден) извршител, на ден 31.12.2021 година на веб страната на судот и започна со спроведување на постапката за унапредување.

По спроведената постапка за селекција за унапредување на судски службеници согласно со Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, формата, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работно место за кои е објавен интерниот оглас, („Службен весник на РСМ“ бр.275/20),

Комисијата за селекција за унапредување на судски службеник после извршената административна селекција и спроведеното интервју достави Конечна ранг листа Су.бр.04-256/21 од 18.04.2022 год. и Предлог одлука Су.бр.04-256/21 од 18.04.2022 год. до В.Д. Претседателот на судот за унапредување на судски службеник за работното место Виш судски соработник, категорија В, ниво В2 – 1 (еден) извршител.

Како прво рангиран се предлага кандидатот Данче Јовановски.

Согласно со член 43 став 1 од Законот за судска служба, Претседателот на судот во рок од три дена од добивањето на предлогот е должен да донесе одлука за избор.

Имајќи ја во предвид наведената законска одредба, конечната ранг листа и предлогот за избор на кандидати за кариерно унапредување на судски службеници за работното место со звање Виш судски соработник, категорија В, ниво В2, В.Д. Претседателот на судот одлучи како во изреката .

Примерок од Одлуката да се достави до избраниот кандидат, останатите кандидати кои не се избрани и истата да се објави на огласната табла и веб страната на судот.

ОСНОВЕН СУД РЕСЕН

В.Д. Пртеседател,
Емељ Кранли Али

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 (осум) дена од приемот на известувањето за извршен избор преку овој суд до Советот на судска служба.